АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

**Август, 2021г.** **Бр.8**

## Отпочна мониторингот на медиумското известување на радиодифузерите за Локалните избори 2021

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 6 август ја извести јавноста дека почнува со мониторинг на изборното медиумско известување на радиодифузерите за Локалните избори 2021 година.

Во периодот до почетокот на изборната кампања, предмет на надзор се првиот телевизиски програмски канал на Јавниот сервис – МРТ1 и шест комерцијални телевизии на државно ниво кои имаат просечен неделен досег над 10% – ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа и ТВ 24 Вести. Сите останати програмски сервиси ќе се мониторираат врз основа на претставка.

Мониторингот ја опфаќа нивната вкупна програма, со посебен фокус на централните изданија на вестите и посебните информативни емисии во кои учествуваат претставници на власта (државна/локална), на политички партии и други потенцијални учесници во изборите. Ќе се мониторираат и сите други програми во кои има потенцијални учесници во изборите без оглед на причините за нивното појавување.

Како и досега, Агенцијата, на својата веб страница, постави банер со сите материјали релевантни за изборниот процес – законски и подзаконски акти поврзани со изборите, обрасци за претставки, публикации, извештаи и слично. Имајќи предвид дека со распишувањето на Локалните избори, закажани за 17 октомври 2021 година, стапија на сила одредбите од Изборниот законик, Агенцијата ги потсети сите радиодифузери на одредбите релевантни за нивното известување и постапување во периодот пред почетокот на изборната кампања. Содржината на дописот е достапна на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк.

## Соопштение за јавност

Во врска со јавниот протест, организиран од страна на група граѓани поттикнат од новите мерки за превенција против Коронавирусот, на кој беа упатени навреди и вулгарни пораки кон новинарите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 17 август потенцираше дека ваквиот однос претставува директен напад врз слободата на медиумите и правото на јавноста да биде информирана.

Агенцијата ги осуди сите форми на омаловажување и вербални навреди врз новинарите и апелираше да се почитува достоинството на новинарската професија, како и личното достоинство на медиумските професионалци.

Воедно, беше потенцирано дека обезбедувањето услови за непречено работење на медиумските работници е неопходен предуслов за слободата на информирање.

## Надзори врз Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Редовен програмски надзор за обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите е извршен врз Кабел Нет, Кабел-Л-Нет, Скупи Кабле, Вива Нет, Мултимедиа – Нет и Теленет Ком.

Со надзорот е констатирано дека операторот Кабел-Нет од Струмица, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Film Box Extra“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.



*NEWSLETTER*

## Изречени мерки јавна опомена на радиодифузери и ОЈЕКМ

Советот на Агенцијата на 23-та седница одржана на 24 август врз основа на констатации од извршен надзор донесе решенија за преземање мерка јавна опомена за ТВ Едо, Сити Телевизија, ТВ Коха и КТВ Кавадарци.

На ТВ Едо јавна опомена е изречена поради не означување со предупредувачка сигнализација за „програма во која се пласирани производи“ во забавно-документарна емисија, не емитување на најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот миниум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, емитување на поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не поминува пропишаниот период од 15 минути и необјавување податоци за импресум во изданија на емисии, кои треба да се емитуваат на соодветно место за секоја содржина на програмскиот сервис.

На Сити Телевизија јавна опомена е изречена поради не означување со предупредувачка сигнализација и необјавување податоци за импресум во изданија на емисии, кои треба да се емитуваат на соодветно место за секоја содржина на програмскиот сервис. На ТВ Коха јавна опомена е изречена поради не емитување на половина од изворно создадена програма на македонски аудиовизуелни дела, додека на КТВ Кавадарци, поради емитување на поп-арт/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

На 23-та седница, врз основа на констатации од извршен надзор каде се утврди реемитување на не регистриран програмски сервис согласно членот 141 од ЗААВМУ, за операторот Кабел-Нет од Струмица беше донесено Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на спорниот програмски сервис.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk